# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 1 ноември 1963
Скопје
Број 38 Год. XIX

Претплата за 1963 год. изнесува 1.800 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

**255.**

На основа член 40 став 2 од Законот за здравствено осигурување на земјоделците („Службен весник на НРМ“ бр. 14/63), Извршниот совет донесува

## УРЕДБА

## ЗА СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА ИЗБОР НА СОБРАНИЈАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се определува составот и начинот на избор членови на собранијата на комуналните заедници за здравствено осигурување на земјоделците и на Собранието на Републичката заедница за здравствено осигурување на земјоделците.

### II. СОБРАНИЕ НА КОМУНАЛНА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

**1. Состав и изборни тела**

Член 2

Собранието на комуналната заедница за здравствено осигурување на земјоделците (во понатамошниот текст: собрание) го сочинуваат од 25 до 45 членови.

Бројот на членовите од претходниот став собранието на секоја комунална заедница го утврдува зависно од вкупниот број на осигурениците — земјоделци од подрачјето на комуналната заедница за здравствено осигурување на земјоделците.

Собранието го определува и бројот на членовите кои се избираат во собранието за секое населено место.

Член 3

Членови на собранието избираат осигурениците — земјоделци непосредно на собири на осигурениците.

Собири на осигурениците се одржуваат за секое населено место.

Ако, според бројот на осигурениците, собирот на осигуреници — земјоделци во поодделни населени места не може сам да избере еден член на собранието на комуналната заедница, собранието определува кои населени места заеднички избираат членови на собранието.

Член 4

Право да избираат и да бидат избрани за членови на собранието имаат осигуреници — земјоделци кои имаат општо избирачко право, доколку со оваа уредба не е поинаку определено (чл. 8 и 13 став 2).

Член 5

Мандатот на членовите на собранието трае четири години, со тоа што секоја втора година се избираат половина нови членови на собранието.

**2. Спроведување на изборите**

Член 6

Изборите за членови на собранијата ги распишува Извршниот совет.

Изборите се распишуваат најдоцна на два месеци, а се одржуваат најдоцна на 15 (петнаесет) дена пред истекот на мандатот на членовите на собранието.

Член 7

Со спроведувањето на изборите за членови на собранијата раководи изборна комисија, што ја именува надлежното односно овластеното општинско собрание.

Изборната комисија се состои од претседател, секретар и три члена. Секретарот на изборната комисија се именува од редот на работниците на заводот за социјално осигурување.

Изборната комисија се именува најмалку триесет дена пред денот определен за избор на членови на собранието.

Член 8

На член на изборната комисија што ќе биде кандидиран за член на собранието и ја прифати кандидатурата, му престанува функцијата на член на комисијата.

Член 9

Изборната комисија:

1. го определува денот на изборите во поодделни населени места од подрачјето на комуналната заедница;

2. врши технички подготовки за спроведување на изборите;

3. ги објавува конечните резултати од изборите;

4. издава уверенија на избраните членови на собранието;

5. врши и други работи во врска со изборите предвидени со оваа уредба.

Член 10

Административните и техничките работи на изборната комисија ги вршат работниците на комуналниот завод за социјално осигурување што ќе ги определи директорот.

**3. Предлагање и избирање членови на собранието**

Член 11

Предлагање кандидати за избор на членови на собранието се врши на собир на осигурениците — земјоделци со листа на кандидати или поединечно.

Член 12

Собирите на осигурениците — земјоделци за избор на членови на собранието ги свикува претседателот на општинското собрание или од него овластеното лице и раководи со неговата работа до изборот на работното претседателство.

Собирот на осигурениците може да се одржи ако присуствуваат најмалку една петтина од осигурениците — земјоделци.

Ако на собирот не присуствува бројот определен со претходниот став, собирот може да се одржи по истекот на еден час од времето определено за почеток на собирот со присутниот број осигуреници — земјоделци.

Член 13

Со работата на собирот на осигурениците — земјоделци при предлагањето и изборот на членови на собранието раководи работно претседателство. Тоа го утврдува и резултатот на гласањето.

Работното претседателство го сочинуваат претседател и два члена.

Изборот на работно претседателство се врши со мнозинство гласови од присутните осигуреници — земјоделци. Ако член на работното претседателство биде кандидиран за член на собранието и ја прифати кандидатурата, му престанува функцијата во претседателството.

Член 14

Дневниот ред на собирот на осигурениците — земјоделци се утврдува по предлог од работното претседателство.

Дневниот ред задолжително ги опфаќа следниве точки:

1. предлагање и утврдување листата на кандидати за членови на собранието и

2. избор на членови на собранието.

Член 15

Листа на кандидати за членови на собранието можат да поднесат:

а) основната организација на Социјалистичкиот сојуз за подрачјето на населеното место и

б) група од најмалку десет осигуреници.

Секој присутен осигуреник може да предложи по еден кандидат за член на собранието.

За член на собранието може да биде кандидирано само лице што има постојано живеалиште на подрачјето на комуналната заедница.

Член 16

Листата на кандидати може да содржи поголем број кандидати од бројот на членови на собранието што се избираат.

Листата на кандидати содржи:

а) реден број за секој кандидат;

б) презиме и име на кандидатот со назначување од кое населено место е;

в) изјава за согласност од кандидатот и

г) потпис на предлагачите.

Член 17

Собирот на осигурениците — земјоделци определува дали гласањето ќе се врши тајно или јавно.

Член 18

Тајно гласање се врши со гласачки ливчиња кои се изработуваат за секој собир на осигуреници по населени места во толку примероци колку има избирачи.

На секое гласачко ливче се означува реден број, презиме и име на кандидатот, така како е запишано во листата на кандидатите.

Тајното гласање се врши на тој начин што на гласачкото ливче се заокружуваат редните броеви на толку кандидати колку членови на собранието се избираат.

Член 19

Јавно гласање се врши со кревање на рака. За секој предложен кандидат се утврдува одвоено бројот на осигурениците — земјоделци што гласале „за“ и „против“ кандидатот.

Член 20

За членови на собранието се избрани кандидатите што добиле најголем број гласови.

Ако два или повеќе кандидати добијат ист број гласови, а само еден од нив треба да биде избран, на истиот собир се врши повторен избор само помеѓу тие двајца кандидати.

Член 21

Кога две или повеќе населени места заеднички избираат член на собрание (член 3 став 3 од оваа уредба), гласањето за кандидатот што е предложен се врши во секое населено место.

За избран се смета кандидатот што добил најголем број на гласови во сите населени места.

Член 22

За работата на собирот на осигурениците на кој се врши избор на членови на собранието се води записник што го потпишуваат записничарот и заверувачите на записникот.

Записникот на собирот на осигурениците содржи податоци особено за: денот, часот и местото на одржувањето на собирот; за кое населено место се одржува; кој го свикал и отворил собирот; презиме и име на членовите на претседателството на собирот, записничарот и заверувачите на записникот; вкупен број на осигурениците — земјоделци од подрачјето за кое се одржува собирот; бројот на присутните осигуреници, дневниот ред на собирот; презиме и име на предложените и избраните членови на собранието со означување бројот на

добиените гласови; часот кога завршил собирот и други околности од значење за работата на собирот.

По гласањето работното претседателство го доставува записникот од работата на собирот и сиот изборен материјал до изборната комисија.

Член 23

Резултатот од изборите изборната комисија го објавува најдоцна во рок од три дена по извршените избори и го изложува на видно место на вообичаен начин.

Изборната комисија му издава на секој избран член уверение дека е избран и од кој собир на избирачи.

За изборот изборната комисија ја известува комуналната заедница.

#### 4. **Повторни и дополнителни избори**

Член 24

Повторни избори се вршат ако изборите бидат поништени во целост или поединачно за населените места од подрачјето на комуналната заедница.

Дополнителни избори се вршат кога на некој член на собранието му престане мандатот пред истекот на времето за кое бил избран поради смрт, губење својство на осигуреник — земјоделец општо избирачко право, оставка, преселување на осигуреникот — земјоделец во друга комунална заедница, отповик или од било која друга причина.

Член 25

Повторни и дополнителни избори се вршат според постапката пропишана за редовни избори.

Повторните и дополнителни избори ги распишува надлежната изборна комисија и тоа во рок од 30 дена од денот на поништувањето, односно од денот на престанокот на мандатот на член на собранието.

#### 5. **Отповик**

Член 26

Собирот на осигурениците — земјоделци може да отповика член на собранието што го избрала ако повеќе не ја ужива неговата доверба или ако не ги извршува своите должности (неоправдано отсуство од седниците за подолг период, избегавање да прими извршување на конкретни задачи и сл.).

Член 27

Постапката за отповик на член на собранието се покренува по предлог од:

1. една третина од собирот на осигуреници — земјоделци што го избрале членот на собранието и
2. собранието на комуналната заедница, ако за тоа се изјасни мнозинството на членови на собранието.

Член 28

Предлог за покренување постапка за отповик на член на собранието се поднесува до собранието на комуналната заедница.

Ако предлогот ги исполнува условите за отповик, собранието определува ден за одржување собир на осигурениците — земјоделци за гласање за отповик во населеното место за кое е избран членот за чие отповикување се гласа.

Член 29

Гласањето за отповик се врши на начинот предвиден за избор на членови.

Член на собранието е отповикан ако за отповикот гласале мнозинство на присутните членови на собирот.

#### 6. **Заштита на правилноста на изборите**

Член 30

Секој осигуреник и собир на избирачи има право да поднесе приговор до изборната комисија поради неправилности во работата на изборното тело или работното претседателство.

Член 31

Ако изборната комисија во спроведувањето на изборот утврди неправилности кои битно влијаеле на изборот на членовите на собранието, ќе го поништи таквиот избор.

### III. СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Член 32

Собранието на Републичката заедница за здравствено осигурување на земјоделците го сочинуваат членови избрани од собранијата на комуналните заедници за здравствено осигурување на земјоделците на територијата на Социјалистичка Република Македонија.

Бројот на членовите на собранието изнесува најмногу 35 члена.

Бројот на членовите на собранието и која комунална заедница колку членови избира ги определува Собранието на Републичката заедница, зависно од вкупниот број на осигурениците во СР Македонија и сразмерно на бројот на осигурениците од подрачјето на секоја комунална заедница, со тоа што собранието на секоја комунална заедница избира најмалку по еден член во Собранието на Републичката заедница.

Член 33

Секој член на собранието на комуналната заедница може да предложи по еден кандидат за член на Собранието на Републичката заедница.

Најмалку десет члена на собранието на комуналната заедница можат да предложат кандидати за вкупниот број членови на Собранието на Републичката заедница што ги избира собранието на комуналната заедница.

Избирањето се врши на првата седница на собранието на комуналната заедница по спроведувањето на изборите. Гласањето за избор на членови на Собранието на Републичката заедница се врши јавно и на него ќе се применуваат одредбите од член 19 и 20 од оваа уредба.

Член 34

За членови на Собранието на Републичката заедница се избрани кандидатите што добиле најголем број гласови од присутните членови на собранието на комуналната заедница.

Член 35

На избраниот член на собранието на Републичката заедница му се издава уверение што го заверува претседателот на собранието на комуналната заедница.

Член 36

Мандатот на членовите на Собранието на Републичката заедница трае четири години, со тоа што секоја втора година се избираат половина нови членови на Собранието.

Член 37

Собранието на комуналната заедница може да отповика член на Собранието на Републичката заедница што го избрало, под условите и на начинот определен со одредбите на член 26 и 27 од оваа уредба, со тоа што предлог за отповик може да поднесе и Собранието на Републичката заедница.

Член на Собранието на Републичката заедница е отповикан ако за отповикот гласале мнозинство од сите членови на собранието на комуналната заедница што го избрало.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

Првите избори за избор на членови на собранијата на заедниците за здравствено осигурување на земјоделците ги распишува Извршниот совет.

Член 39

Управните одбори на постојните фондови за здравствено осигурување на земјоделците ќе вршат функција на собрание на заедниците за здравствено осигурување до свикувањето на собранијата на прво заседание.

Член 40

Првата седница на собранието на комуналната заедница ја свикува претседателот на надлежното општинско собрание во срок од 15 дена по завршување на изборите, а на Собранието на Републичката заедница Извршниот совет.

Член 41

Собранијата на заедниците ги определуваат населените места во кои на избраните членови на собранието од првите избори мандатот им трае две години.

Член 42

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-3758/1
14 октомври 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков,** с. р.

## 256.

На основа точка 6 од Одлуката за надоместок на утрошоците на службениците на републичките органи и установи кои поради земјотресот во Скопје живеат одделно од своите семејства, Републичкиот секретаријат за буџет и организација на управата, издава

## УПАТСТВО
### ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ И УСТАНОВИ КОИ ПОРАДИ ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО СКОПЈЕ ЖИВЕАТ ОДДЕЛНО ОД СВОИТЕ СЕМЕЈСТВА

1. Надоместокот установен со Одлуката за надоместок на трошоците на службениците на републичките органи и установи кои поради земјотресот во Скопје живеат одделно од своите семејства (во понатамошниот текст: Одлука), им следува на службениците и работниците во републичките органи на управата, Републичкото јавно обвинителство и републичките судови како и на службениците и работниците во установите основани од републички органи, кога поради земјотресот тие или одделни членови од нивните семејства живеат одвоено од семејството надвор од Скопје, а становите и станбените згради им се срушени или во таква состојба да во нив и не може да се живее.

Одлуката не се однесува на службениците и работниците на републичките установи што работат по принципот на доход кој важи за стопански организации, на општествените организации, како и на функционерите и службениците што ги именува Собранието на СРМ.

2. Како членови на семејство на службеникот односно работникот се сметаат: брачниот другар, децата на редовно школување до 25 годишна возраст, родители, браќа и сестри ако немаат никаква издршка и се неспособни за работа, а службеникот ги издржавал на ден 26 јули 1963 година.

3. Како одвоено живеење надвор од Скопје се подразбира раздвоеноста на службеникот или работникот односно член од неговото семејство, без оглед кој од нив живее надвор од Скопје.

4. Подрачјето на град Скопје во смисла на Одлуката го опфаќа подрачјето определено со прописите за утврдување на потесниот градежен реон на град Скопје.

5. Како „соодветни на нив платени избрани раководители во републички установи“ во смисла на точ. II под 1) од Одлуката се сметаат лицата што на раководен положај во републички установи ги избираат органите на управувањето на тие установи (ректор, проректор, декан и продекан).

6. Ако по основот што е утврден за исплатување на надоместок според Одлуката стопанска или друга организација на која не се однесува Одлуката пропише надоместок, а семејството на службеникот или работникот има запослени членови во таква организација и во републичка управа односно републичка установа, право на надоместок може да остварува само еден член од семејството по избор.

7. Решение за надоместок донесува старешината на органот односно установата. Службеникот односно работникот е должен да поднесе доказ за правото на надоместок. По правило правото на надоместок службеникот или работникот го докажува со писмена изјава.

8. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 03-2643/1
1 ноември 1963 година
Скопје

Републички секретар
за буџет и организација на управата,
**Александар Крстевски,** с. р.

# Огласен дел

## ПРОМЕНИ НА ИМИЊА

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20-15641 од 17 август 1963 година, ја одобри промената на роденото име на Огненовски Миле, роден на ден 6 септември 1952 година во Битола, од мајка Ѓорѓиевска Ѓурѓа, така што во иднина роденото име ќе му гласи **Томе.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (371)

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20-12740/1 од 27 јуни 1963 година, ја одобри промената на роденото име на Ајрулаи Есад, роден на ден 2 август 1931 година во село Орќуше, Тетовска околија, од татко Шаип и мајка Емине, така што во иднина роденото име ќе му гласи **Нешад.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (372)

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20-14835 од 25 јули 1963 година, ја одобри промената на роденото име на Ганчевски Фанто, роден на ден 4 август 1948 година во село Крушје, Охридска околија, од родители: татко Киро и мајка Паца, така што во иднина роденото име ќе му гласи **Ванде.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (373)

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20-10726 од 28 јуни 1963 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Диновски Цветко, роден на ден 23 ноември 1906 год. во село Логоварди, Битолска околија, од родители: татко Ристе и мајка Тодора, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Дуковски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (374)

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20-11204/2 од 28 август 1963 година, ја одобри промената на роденото име на Сејдини Амиде, родена на 18 декември 1946 година во село Беловиште, Тетовска околија, од татко Емрула и мајка Емрије, така што во иднина роденото име ќе ѝ гласи **Сабрије.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (375)

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20-15756/1 од 29 август 1963 година, ја одобри промената на роденото име на Рамани Зоран, роден на 29 март 1955 година во гр. Зајечар, од татко Расим и мајка Анкица, така што во иднина роденото име ќе му гласи **Зуран.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (376)

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20-13128/1 од 11 септември 1963 година, ја одобри промената на роденото име на Алили Божидар, роден на ден 26 декември 1952 година во град Загреб, СР Хрватска, од татко Арслан и мајка Марија, така што во иднина роденото име ќе му гласи **Адем.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (378)

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20-10739/1 од 27 јуни 1963 година, ја одобри промената на личното име на Шабани Фахри, роден на 20 март 1923 година во град Гостивар, Тетовска околија, од татко Бирол и мајка Зека, така што во иднина личното име ќе му гласи **Карпузи Фари.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (379)

---

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

При Општинскиот суд во Прилеп се води постапка за докажување смртта на лицето Стојан Мирчески, бивш од село Дреновци, општина Долнени, за кого се претпоставува дека загинал во повторниот напад на партизаните за ослободување на град Прилеп, во 1944 година.

Се поканува секое лице што знае нешто за него да јави на овој суд во рок од 3 месеци по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“.

Од Општинскиот суд во град Прилеп, Р. бр. 366/63. (377)

# РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 106, страна 261 е запишано следното: Николовски Илија, досегашен директор на Претпријатието за производство на градежен материјал и експлоатација на неметални руди „Неметали“ — Тетово, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на претпријатието е назначен со решението на Народниот одбор на општината Тетово под бр. 01-8543/1 од 15-VI-1962 год. Бранко Ананиевски. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 12-VII-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 442/62. (1101)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 219, страна 707 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Сервисот за услуги на домаќинствата „Нов дом“ од Куманово, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Куманово под бр. 13632/1 од 25-VI-1962 година е припоен кон Сервисите на II станбена заедница — Куманово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 503/62. (1131)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 184, страна 527 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Занаетчиската берберска задруга „Боро Менков“ од Куманово, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Куманово под бр. 13633/1 од 25-VI-1962 год. е припоена кон Сервисите на II станбена заедница — Куманото.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 504/62. (1132)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 238, страна 829 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Занаетчиската кондураџиска задруга „Рекорд“ — Куманово, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Куманово под бр. 13633/1 од 25-VI-1962 год. е припоена кон Сервисите на II станбена заедница — Куманово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 505/62. (1133)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 11, страна 41 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Куманово под бр. 15089/1 од 25-VI-1962 год. се симнува принудната управа над Земјоделската задруга — Куманово.

Со горецитираното решение и принудниот управник на задругата Гиго Цветковски е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

Исто така со решението на Народниот одбор на општината Куманово под. бр. 04-13916/1 од 20-VII-1962 година фирмата на Земјоделската задруга од Куманово се менува и во иднина ќе гласи: Земјоделска задруга „Иднина“ во Куманово.

Согласно со записникот од одржаната прва редовна седница на задружниот совет на задругата е избран и нов управен одбор во следниот состав: Стојко Алексовски, претседател на управниот одбор, Хајруловски Зејрула, Ристиќ Бранко, Јордановски Дане, Стефановски Борко, Бошковски Киро, Костовски Ѓорѓи, Шабани Адем и Јанко Илиевски.

За в. д. управник на задругата е назначен Јанко Илиевски. Тој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со новоназначените потписници и тоа: Трајан Јанков Големиновски, шеф на сметководството, и Стефан Миодрага Костадиновски, главен агроном, сметано од 31-VII-1962 година

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 501/62. (1134)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 89, страна 267 е запишано следното: Нико Ннча, досегашен директор на Електростопанската заедница — Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За главен директор на заедницата е назначен со решението на Извршниот совет на НРМ бр. 09-1550/1 од 6-VII-1962 год. Џоџа Николовски. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 1-VIII-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 502/62. (1135)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 243, страна 641 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Кале — Скопје под бр. 102 од 24-VII-1962 год. Трговското мешовито претпријатие за промет со индустриски стоки на големо „Југоуниверзал“ — Скопје е ставено под присилна управа.

За принуден управник на претпријатието е назначен со решението на Народниот одбор на општината Кале — Скопје под бр. 64 од 24-VII-1962 год. Анѓовски Константин. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со Борис Јаневски, заменик принуден управник, сметано од 4-VIII-1962 година.

На досегашните потписници на претпријатието в. д. директорот Трајковски Киро и Сурмејан Аракел им престанува правото за потпишување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 508/62. (1136)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 4, страна 7 е запишано следното: Досегашните потписници на Земјоделската задруга „Бабуна" од село Богомила и тоа: Ристо Димитровски, Јован Б. Михајловски и Стојан Павловски се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на задругата се назначени следните лица: Митревски Богев Трајко, управник, Цветан Богев Смилевски, книговодител, и Ѓорѓија Стојанов Трајковски, благајник, сметано од 26-VI-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 383/62. (1137)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 364, страна 25 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Трговското претпријатие на мало „Партизан" од село Миравци, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Гевгелија под бр. 03-2212/1 од 7-VII-1962 год. е припоено кон Трговското претпријатие на големо „Солун" од Гевгелија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 532/62. (1138)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 86, страна 217 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Гевгелија под бр. 03-2212/1 од 7-VII-1962 година кон Трговското претпријатие на големо „Солун" од Гевгелија се припојува Трговското претпријатие на мало „Партизан" од село Миравци, Титовврелешка околија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 531/62. (1139)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 40, страна 157 е запишано следното: Согласно со записникот број 10 од одржаното собрание на Задружниот совет на Земјоделската задруга „Сува Гора" од село Беловиште од 8-IV-1962 година стариот управен одбор на задругата е разрешен од должност. За членови на новиот управен одбор се избрани следните лица: Илкоски Цветан, претседател, Бекири Бекир, Андриески Јанде, Јанкоски Трпе, Садику Енвер, Апостолоски Благоја, Фејзи Ѓулјас и Апостолоски Варе.

На досегашните потписници на задругата и тоа: Костоски Косто, книговодител, и Апостолоски Боро, претседател на управниот одбор, се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на задругата се назначени следните лица: Апостолоски Варе, член на управниот одбор, и Илкоски Цветан, претседател на управниот одбор. Тие задругата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Трпески Андон, сметано од 25-VI-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 379/62. (1140)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на пртпријатијата и дуќаните под рег. бр. 736, страна 221 е запишано следното: Коле Игњатовски, досегашен раководител на Продавницата во Скопје на Трговското претпријатие за промет со дрво, дрвни производи и покуќанство „Леснина" од Љубљана, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на продавницата е назначен Пене Дејановиќ, кој ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 7-VIII-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 521/62. (1142)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 674, страна 973, свеска II е запишано следното: Игњатовски Коле, досегашен раководител на Стовариштето во Скопје на Трговското претпријатие за промет со дрво, дрвни производи и покуќанство „Леснина" — Љубљана е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За раководител на стовариштето е назначен Пене Дејановиќ, кој ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето, сметано од 7-VIII-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 522/62. (1143)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 106, страна 297 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Новинско-издавачкото претпријатие „Детска радост" од Скопје, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје под бр. 10245 од 6-VII-1962 година е припоено кон Новинско-издавачкото и печатарско претпријатие „Нова Македонија" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 529/62. (1144)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 76, страна 217 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје под бр. 10245 од 6-VII-1962 година кон Новинско-издавачкото и печатарско претпријатие „Нова Македонија" —

Скопје се припојува Новинско-издавачкото претпријатие „Детска радост“ — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 525/62. (1145)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 215, страна 573 е запишано следното: Со решението на Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје под бр. 288 од 23-II-1962 година Димитар Шекерински, досегашен директор на Претпријатието за извоз и увоз на тутун „Македонија“ — Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на претпријатието е назначен со решението на Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје под бр. 337 од 14-VII-1962 год. Киро Зенделски. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со старите регистрирани потписници: инж. Куне Димитров Ѓорѓиевски, шеф на техничкиот сектор, Светислав Јорданов Смичковски, шеф на стопанско-сметководниот сектор, Михајло Прокопиев, Виктор Лашков, Милошевски Јордан, Митев Игнат и Зора Стојанова, сметано од 4-VIII-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 517/62. (1146)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 160, страна 417, свеска I е запишано следното: Покрај досегашните потписници на Фабриката за масло „Благој Ѓорев“ од Титов Велес и тоа: Панче Амбарков, директор, Тодоров А. Благој, Мино Петров Минов и Атанас Наумов Атанасов, фабриката ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето и новоназначениот технички директор на фабриката Миле Попов, сметано од 1-VIII-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 506/62. (1147)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 220, страна 593 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Титов Велес под бр. 5827/1 од 13-VII 1962 година дејноста на Производното слаткарско бонбонерско претпријатие „Јагода“ од Титов Велес проширува и истата во иднина е: производство на бонбони, локум и таан за таан алва.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 490/62. (1148)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 293, страна 1153 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово под бр. 04-11233/1 од 1-VIII 1962 година е одобрено конституисањето на Околискиот осигурителен завод — Тетово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 461/62. (1149)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 46, страна 181 е запишано следното: Се брише од регистарот на задругите Земјоделската задруга „Војводина“ од село Ново Село, Тетовска околија, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Жеровјане под бр. 01-2265/1 од 24-II-1961 година се припојува кон Земјоделската задруга „Кара-бунар“ од село Камењане, Тетовска околија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 523/62. (1151)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 6, страна 21 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Жеровјане под бр. 01-2265/1 од 24-II-1961 год. кон Земјоделската задруга „Кара-бунар“ од село Камењане, Тетовска околија, се припојува Земјоделската задруга „Војводина“ од село Ново Село, Тетовска околија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 524/62. (1152)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 88, страна 201 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Гостивар под бр. 4258 од 10-VII-1961 година фирмата на Трговскит дуќан „Нов живот“ — Гостивар на бившото Трговско претпријатие „Шар“ од Гостивар во иднина се менува и ќе гласи: Трговско претпријатие за промет со мешани стоки „Маврово“ — Гостивар — Продавница „Нов живот“ во Гостивар.

Раководител на продавницата е Рушити Реџеп, сметано од 13-VIII-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 537/62. (1153)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 88, страна 201 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Гостивар под бр. 4258 од 10-VII-1961 година, фирмата на Трговскиот дуќан „Светлост“ во Гостивар на бившото Трговско претпријатие „Шар“ од Гостивар во иднина се менува и ќе гласи: Трговско претпријатие за промет со мешани стоки „Маврово“ — Гостивар — Продавница „Светлост“ во Гостивар.

Раководител на продавницата е Аручи Бесир, од 13-VIII-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 538/62. (1154)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 88, страна 201 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Гостивар под бр. 4258 од 10-VII-1961 година, фирмата на Трговскиот дуќан „Први мај“ во Гостивар на бившото Трговско претпријатие

„Шар“ од Гостивар во иднина се менува и ќе гласи: Трговско претпријатие за промет со мешовити стоки „Маврово“ Гостивар — Продавница „Први мај“ во Гостивар.

Раководител на продавницата е Јаковлески Перо, сметано од 13-VIII-1962 година.

Од Скружнист стопански суд во Скопје, Фи бр. 539/62. (1155)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 88, страна 201 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Гостивар под бр. 4258 од 10-VII-1961 година, фирмата на Трговскиот дуќан „Оглав“ во Гостивар на бившото Трговско претпријатие „Шар“ од Гостивар во иднина се менува и ќе гласи: Трговско претпријатие за промет со мешовити стоки „Маврово“ — Гостивар — Продавница „Оглав“ во Гостивар.

Раководител на продавницата е Лочи Акик, сметано од 13-VIII-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 540/62. (1156)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 88, страна 201 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Гостивар бр. 4258 од 10-VII-1961 година, фирмата на Продавницата „Напредок“ во село Врапчиште на бившото Трговско претпријатие „Шар“ од Гостивар во иднина се менува и ќе гласи: Трговско претпријатие за промет со мешовити стоки „Маврово“ — Гостивар — Продавница „Напредок“ во село Врапчиште.

Раководител на продавницата е Јакупи Абдула Мелик.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 542/62. (1157)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 88, страна 201 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Гостивар под бр. 4258 од 10-VII-1961 година, фирмата на Трговскиот дуќан „Елегант“ од Гостивар на бившото Трговско претпријатие „Шар“ од Гостивар во иднина се менува и ќе гласи: Трговско претпријатие за промет со мешовити стоки „Маврово“ — Гостивар — Продавница „Елегант“ за колонијални стоки — Гостивар.

Раководител на продавницата е Лазаревски Раде, сметано од 13-VIII-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 543/62. (1158)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 355, страна 941 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје под бр. 12616/1 од 16-VII-1962 година Молеро-фарбарското претпријатие „Зограф“ од Скопје се става под присилна управа.

За присилен управник е назначен Илија Аврамовски. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со шефот на сметководството Калемџиевски Миле, сметано од 10-VIII-1962 година.

На досегашниот директор на претпријатието Атанасовски Борис му престанува правото за потпишување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 533/62. (1160)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 153, страна 415 е запишано следното: Богоевски Александар, досегашен директор на Трговското претпријатие на големо и мало „Југотекстил“ од Скопје, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

